импорт с.Старо Село Вратница на Друштвото за производство, трговија и услуги ШАЗА ДООЕЛ с.Слатино, Теарце, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Сурин", општина Јегуновце бр.24-7400/1 од 5.12.2013 година и Анекс на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Сурин", општина Јегуновце бр.24-5883/1 од 21.11.2014 година.

2. Концесијата од точка 1 од оваа одлука се пренесува на Друштвото за производство, трговија и услуги ШАЗА ДООЕЛ с.Слатино, Теарце, до рокот до кога е склучен Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Сурин", Општина Јегуновце бр.24-7400/1 од 5.12.2013 година и Анексот на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Сурин", Општина Јегуновце бр.24-5883/1 од 21.11.2014 година и под исти услови под кои е доделена со Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Сурин", општина Јегуновце бр.24-7400/1 од 5.12.2013 година и Анексот на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Сурин", општина Јегуновце бр.24-5883/1 од 21.11.2014 година, освен во однос на висината и критериумите за определување на надоместокот за концесии за експлоатација на минерални суровини, кои ќе се утврдат врз основа на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

3. Како почеток на користење на пренесената концесија од точка 1 од оваа одлука ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за пренос на концесијата.

4. Надоместокот за давање на согласноста за пренос на концесијата во износ од 42.287,00 денари имателот на концесијата по извршениот пренос е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

5. Во име на Владата на Република Северна Македонија, договорот од точка 3 на оваа одлука ќе го потпише министерот за економија.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5881/1 | Претседател на Владата |
| 9 септември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**2641.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 септември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари-опрема, кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Записникот од комисијата за утврдување на статусот на расходираните основни средства, ситен инвентар и резервни делови во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип бр.02-295/19 од 13.5.2020 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 13.5.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5889/1 | Претседател на Владата |
| 9 септември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**2642.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 септември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Агенцијата за храна и ветеринарство да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари – средства и опрема и на ситен инвентар кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Решението за отпис и расходување на основни средства бр.02-1312/1 од 12.5.2020 година, донесено од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.